Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанство
Ministria e Bujqësisë,
Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave
Бр. - Nr. 102-13228/1
15.12.2022 год. - viti
Скопје / Shkup

Врз основа на член 119 став 1 точка 2 и 3 од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија бр.24/2019 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 87/21) и член 19 од Договорот за набавка на работи, број 02-6886/2 од 18.11.2021 година на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и бр. 03-3860/21 од 16.11.2021 година, на Друштво за градежништво, трговија и услуги АДРА ДООЕЛ увоз – извоз Скопје за „Изградба на пристапен пат и распределителни цевководи за постројка за пречистување на вода за пиење во општина Карбинци", а во врска со доставеното барање за склучување на анекс договор од 12.12.2022 година на 12.12.2022 година се склучува следниот:

Друштво за градежништво трговија и услуги
АДРА ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 03-4332/22
12.12.20 22 год
СКОПЈЕ

# АНЕКС БР.1
# НА
# ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА РАБОТИ

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, со адреса: Аминта Трети 2 - Скопје, Република Северна Македонија, застапувано од министерот Љупчо Николовски (во понатамошниот текст Инвеститор) од една страна,

и

2. Друштво за градежништво, трговија и услуги АДРА ДООЕЛ увоз – извоз Скопје ул. Пат за Батинци бр. 72, ЕМБС 5615674, ЕДБ 4030002437342, застапувано од управителот Милаим Мемедовски, (во натамошниот текст Изведувач), од друга страна.

### Член 1

Со овој Анекс бр. 1 кон Договорот за набавка на работи „Изградба на пристапен пат и распределителни цевководи за постројка за пречистување на вода за пиење во општина Карбинци", бр. 02-6886/2 од 18.11.2021 година, се регулираат измени и дополнувања кои се однесуваат на вредноста на договорот, односно се врши измена и дополнување на Член 3 од основниот договор.

### Член 2

Во член 3 од Основниот договор вредноста се зголемува за дополнителни 8.310.276,97 денари без пресметан ДДВ.

Согласно измената, член 3 од Основниот договор гласи:

„Вкупната вредност на договорот изнесува 50.693.081,67 денари вклучувајќи ги сите трошоци и попусти без ДДВ.

Вкупната вредност на договорот изнесува 59.817.836,37 денари вклучувајќи ги сите трошоци и попусти со вклучен ДДВ."

### Член 3

Согласно член 102 став 7 од ЗЈН, во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката – Изведувачот соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Член 4

Сите останати членови од Договорот остануваат непроменети и обврзувачки за двете страни.

Член 5

Овој Анекс бр. 1 на Договорот стапува на сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

Член 6

Овој Анекс бр. 1 наДоговор е склучен во 6 (шест) истоветни примероци од кои 4 (четири) за Инвеститорот и 2 (два) за Изведувачот.

| ИНВЕСТИТОР, | ИЗВЕДУВАЧ, |
|---|---|
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | Друштво за градежништво, трговија и услуги АДРА ДООЕЛ увоз – извоз |
| Министер | Управител |
| Љупчо Николовски | Милаим Мемедовски |

Изработил: Биљана Горгиевска – Бурагев
Мајда Ристовска
Контролирал: Лиле Симоновска
Бојан Дурнев
Согласен: Isni Jakupi

Прилог на Анекс договорот:
- Документација во врска со измените (член 119 став 7 и 8 од ЗЈН), заедно со Позиции од предмер пресметката со зголемени количини и непредвидени работи за цевковод и пристапен пат.